ДО:

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, г-дин Љупчо Коцевски

Јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, г-ѓа Лиле Стефанова

Известување за вршење притисоци од страна на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи

Од Валентина Калиновска-записничар, втора категорија-ВЈО Скопје

До Јавното обвинителство на РСМ, Советот на јавните обвинители на РСМ, Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје и до Претседателот на Владата на РСМ во текот на месец јули 2024 година, заедно со други вработени во Вишото јавно обвинителство Скопје и вработена во Основното јавно обвинителство Скопје доставивме поднесок насловен како Барање за преземање итни мерки во врска со постапувањето на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи. Таму ги опишавме дејствијата кои се преземени од страна на Вишиот јавен обвинител Хајрулахи спрема сите нас. (Повторно ви доставуваме копија од тој поднесок).

Од кога Вишиот јавен обвинител дозна за таквото барање, истиот продолжи да презема дејствија кои претставуваат притисок врз мене.

Од таа причина, повторно ви се обраќам со барање да преземете мерки кои ќе ми овозможат нормално извршување на моите работни обврски. Сакам мир на работа. Кога истиот дозна за нашето писмено барање лично ме повика во неговата канцеларија да ми каже дека ќе прави промени во обвинителството и ме праша прво на кое работно место сум била примена со решение, ме праша зошто сум напишала такво писмо и зошто ако сум се чувствувала дека тој ми врши притисок и ми упатува закани, не сум отишла да му кажам. Потоа ми рече дека треба да напишам изјава со која ќе се повлечам од поднесеното барање за преземање мерки против него и да напишам дека сум била изманипулирана за да пишувам против него од “Фата и Руже“, мислејќи на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Фатиме Фетаи и на Ружица Слезенковска.

Ми рече дека ако напишам како што бара во изјавата, тој ќе заборави се и повторно ќе се ја вратиме довербата помеѓу нас. Користеше навредливи зборови за обвинителката Фатиме и за Руже исто така и ми рече "што корист имаш ти од Фата што мислиш дека она ќе ве заштити" па таа е лезбејка, знаеш дека е во врска и со еден поп, на тоа јас молчев а потоа ми рече напиши си бе Вале дека Фата ве натера да пишувате против мене, не ја штити, што ти требаше вакви работи да правиш кога си возрасна и имаш син, треба да внимаваш што правиш. Јас му кажав дека не можам да напишам нешто што не е вистинито и како да напишам дека обвинителката Фатиме не натерала да пишуваме кога таа не беше со нас. Потоа ми рече дека ако не напишам изјава која ке содржи име и презиме тогаш ќе ми поведе дисциплинска постапка и ќе ме даде на суд каде, ќе бара отштета од 100.000 евра бидејќи судиите биле негови.

Мојата прва изјава не му се допадна и побара да напишам нова во која ќе наведам дека обвинителката Фатиме не изманипулирала по што како што кажав и погоре му кажав дека тоа не е точно. Во втората изјава наведов дека заеднички со колешките го составивме поднесокот а беше однесен од страна на Руже.

Со оглед да не постапив по неговото барање, да наведам дека обвинителката Фатиме ме натерала заедно со Руже да пишуваме против него, тој и почна со реализација на заканите. Пред некој ден ми стигна од неговиот адвокат барање за јавно извинување. За што да се извинам, кога она што е напишано е точно.

Во времето кога му истече мандатот како шеф на Вишото јавно обвинителство Скопје, кога според правилата заменикот негов Елвин Вели требаше да потпишува акти, а не тој, шефот уште седеше во канцеларијата наменета за шеф на ВЈО Скопје а јас тогаш му бев секретарка и знам дека требаше да биде потпишан одреден документ, па мислејќи дека Елвин Вели треба тогаш да потпишува а не он отидов да прашам кој е овластен да потпише.Тогаш, мене, на возрасна жена ми се обрати со зборовите "кој ти е бе тебе шеф, јас сум ти шеф и јас ќе потпишувам", по што влезе во неговата канцеларија а потоа од таму излезе обвинителот Елвин Вели и ми рече дека шефот му рекол дека "ќе ме фрли од шести спрат", каде што всушност се наоѓаат просториите на Вишото скопско обвинитество. Се уплашив и се вознемирив, бидејќи цела зграда зборуваше за овие негови зборови. Откако после некое време повторно го избраа за шеф ме викна и ми кажа дека претходниот републички обвинител му кажал да ме смени па така тој си донесе нова секретарка од ОЈО Скопје. Уште пред да биде избран за шеф во вториот мандат тој ја повикал мојата колешка Руже и ја прашал дали сака таа да му биде секретарка и и рекол со зборовите "Вале ми го грди обвинителството и време е истото да се разубави" па тоа се поклопува и со мојата замена веднаш после изборот. Сакам да напоменам и дека во два наврати ми кажа дека Руже продавала предмети за 500 денари на што јас му кажав дека тоа не е точно и како би можело да е така кога тој за се што му требаше ја бараше неа лично или преку мене како негова секретарка. Особено кога требаше да се пречекуваат неговите видни гости. Откако ме смени од секретарка ми даде нови работни задачи а тоа е да копирам предмети и по потреба да ја

менувам секретарката кога таа не е тука. Бидејќи моето работно место сега беше во писарницата бидејќи таму копирав во многу наврати кога не повикуваше да ни се заканува за нешто што слушнал, дури и за најситни работи бев и јас. Со оглед дека ние работиме за плата од 23.000 денари а неговите закани дека ќе не избрка од работа често се повторуваа, особено делот кој се однесуваше на тоа дека он можел да брка албанци од работа (Шиќо, Несиме и обвинителот Бари), а не па нас, моравме да го известиме републичкиот јавен обвинител и другите кои сметавме дека се надлежни бидејќи чувствувавме страв. Сакам да кажам дека последниот период особено откако дозна за писмото стрес доживувам секој ден а нај загрижувачки ми е тоа што во неколку наврати ми повторува дека имам син и дека треба да внимавам што правам.

Дополнително, кога бараше да ја сменам изјавата ми рече дека наводно сум одела да чистам дома кај обвинителката Фатиме заедно со други вработени. Срамно е да мене ми каже такво нешто, нешто што не е точно, пошто и самиот знае дека токму за него вршев работи кои не потпаѓаат во мои обврски, како што е трчање за да му купувам храна, да му земам кондури кои со достава му стигнуваа пред МНР и му ги празнев кантите за отпадоци секој ден и слично.

Очекувам доколку не се преземат мерки од ваша страна истиот и понатаму да продолжи со ваквиот начин на однесување. Затоа ви се обраќам и барам да реагирате.

И не е точно дека на него се врши мобинг, како што изјавува. Ние секојдневно трпиме.

Валентина Калиновска

21.10.2024 година

Ви доставувам копија од Барање за преземање итни мерки од 19.07.2024 година, копија од Барање за јавно извинување и јавно повлекување и копија од новиот работен распоред